# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КАНДИДАТИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

Со изминување на мандатот на членови во надзорниот одбор, Собранието на ГД „Гранит" АД Скопје во 2026 година, треба да избере нови членови на надзорниот одбор кои ќе ги исполнуваат следните критериумите:

Членовите на надзорниот одбор треба заедно да имаат потребно ниво на професионално знаење, искуство и опсег на вештини за да овозможат ефикасно донесување одлуки и вршење надзор, имајќи ги предвид големината на друштвото и другите посебни карактеристики.

При избор на потенцијални членови на надзорниот одбор, основни услови согласно Закон се:

1. физичко лице да е деловно способно
2. против избраното лице да не е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на друштвото додека трае таа забрана.

Покрај овие критериуми што се утврдени во закон, се земаат предвид и следниве критериуми:

1. поседување личен интегритет и етика;
2. поседување професионално искуство и знаење што е релевантно за дејноста на друштвото и неговата функција; и
3. способноста и достапноста за активно и конструктивно учество во дискусиите и одлучувањето на надзорниот одбор.

Независниот член треба да исполнува дополнителни критериуми и тоа:

1. не член на надзорниот одбор повеќе од 2 (два) мандати;
2. не е член на потесното семејство на лице кое во последните пет години било член на управниот одбор на друштвото;
3. не е поврзано со друштво кое дава консултантски услуги на друштвото или на негови поврзани друштва;
4. не е значаен клиент или добавувач на друштвото, или на негово поврзано друштво, и не е лице поврзано со значаен клиент или добавувач на друштвото или неговите поврзани друштва;

5. не е член на орган на управување на непрофитна организација што добила значително финансирање од друштвото или од неговите поврзани друштва;
6. во последните пет години, не било партнер или лице вработено во друштво за ревизија што вршело ревизија на друштвото или на неговите поврзани друштва.

За да се овозможи Собранието на акционери да го направи вистинскиот избор, покрај податоците утврдени во закон, за кандидатите предложени за членови на Надзорниот одбор, се приложуваат следните податоци:
а. дали има судир на интереси помеѓу интересите на кандидатот и друштвото;
б. ако кандидатот е веќе член на надзорниот одбор, резиме на последната оцена (евалуација) на неговата работа;
в. за кандидатот предложен од страна на Надзорниот одбор се доставува и извештај , на Надзорниот одбор за извршената анализа и проверка на исполнетост на критериумите од страна на кандидатот, како и за усогласеност на неговата кандидатура со внатрешните акти и профилот на одборот, и оцена за тоа дали кандидатот се смета за независен

Кандидатот треба да ги исполнува утврдените критериуми со Закон, Статутот на Друштвото и Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерските Друштва како наведени во оваа Информација и во писмена форма треба да ги презентираат сите овие податоци.

Надзорниот одбор одржува редовни седници за што ќе биде потребно лицето да биде слободно во извршувањето на оваа функција барем 1 (еднаш) месечно како и да биде слободно за одржување на седници од далечина по потреба.

Согласно член 72 од Статутот на Друштвото предлог листи за кандидати за членови на Надзорниот одбор, треба да биде поднесен од акционери кои поседуваат најмалку 20% од вкупниот број на акции со право на глас. Предлогот се дава во писмена форма најдоцна 10 (десет) дена пред одржување на Собрание, односно најдоцна до 08.05.2026 година до 16,00 часот во архивата на Друштвото и/или на официјалната е мејл адреса на Друштвото Info@granit.com.mk, а истиот ќе биде објавен најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на Собрание, односно 11.05.2026 година. Кон предлогот покрај наведените податоци во ова образложение треба во писмена форма да бидат достапни и податоците уредени со член 73 став 1 од Статутот на Друштвото.


info@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија